International Labour Organization

Funded by the European Union

ESAP2

# UКОРИСТЕЊЕ МЕДИЈАЦИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СЛУЧАИ НА ПОЛОВО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

Д-р Ангела ду Плесис

# ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

1. КОНТЕКСТ

   - АРЕНАТА НА ПОЛОВОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

   - АРЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

# ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

2. ВЕТУВАЊЕТО НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СЛУЧАИ НА ПОЛОВО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

- ОПШТИ ПРЕДНОСТИ
- ДВА МОДЕЛИ

# ПРЕГЛЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

3. ОГРАНИЧУВАЊА НА МЕДИЈАЦИЈА
4. КРИТИКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

# 1. КОНТЕКСТ

# АРЕНАТА НА ПОЛОВОТО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

# Арената на половото вознемирување: четири теми

- Емотивно
- Сложено
- Поделба
- Нарушување

# Краток опис на половото вознемирување

Непосакувано однесување од полов карактер

# Дефиниција за полово вознемирување

Половото вознемирување ги опфаќа следните видови однесување:

- Допирање, полов напад, силување
- Сексуални инсинуации, предлози, наведувања, шеги поврзани со секс
- Непосакувани прашања за сексуалниот живот на една личност
- Прикажување полово експлицитни слики и предмети
- Размена на услуги (Quid Pro Quo)
- Полово фаворизирање

# Импликации на континуитет на однесување

- Субјективен и објективен тест
- Минимизирање или тривијализирање
- Намера наспроти влијание

# Предизвици

- Замолчување на жртвата
- Доверливост
- Справување со последиците
- Конкурентни права на жртвата и обвинетиот
- Сценарио со еден сведок

# 1. КОНТЕКСТ

# АРЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

# Граници на судските постапки и на формалните процеси на одлучување

- Заостанати предмети/одложувања
- Огромни трошоци
- Строги правила за докажување
- Спротивставеност - победник и губитник

# Арбитража

- Може да биде адверсаријална или испитувачка
- Страните можат да изберат арбитер
- Помали трошоци
- Брзо разрешување

# Медијација

Процес во кој непристрасна трета страна им помага на учесниците да постигнат решение за спорот.

- Определени начела
  - Доброволно
  - Доверливо
  - Кажаното не може да се користи во судска постапка
  - Страните создаваат сопствено решение

# Ресторативна правда

- Започна како форма на медијација во кривичен контекст
- Жртвата и сторителот се соочуваат за да се исправат неправдите
- Сторителите: сфаќаат каква штета направиле и го осознаваат својот потенцијал за рехабилитација
- Жртвите: терапевтски придобивки со тоа што добиваат одговори на прашањата и извинување

# 2. ВЕТУВАЊЕТО НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СЛУЧАИ НА ПОЛОВО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

## ОПШТИ ПРЕДНОСТИ

# Општи предности (1/2)

- Флексибилност - на пример, време, шатл-дипломатија, одделни средби со страните
- Фокус на иднината, наместо на тоа кој е виновен/кој има подобар случај
- Експедитивно и дискретно
- Односот може да се обнови
- Го штити работодавачот од одговорност
- Жртвата е заштитена од секундарна траума

# Општи предности (2/2)

- Скроени решенија уникатни за страните
- Служи како издувен вентил/опишување на целосната верзија на секоја од страните
- Исход во кој сите победуваат, наспроти исход со победник и поразен
- Сторителите го разбираат подобро влијанието на своето однесување - процес на спротивставување може да го наведе наводниот сторител да го негира или минимизира влијанието на своето однесување

„Да се сфати половото вознемирување <u>сериозно</u> не значи справување со него <u>формално</u>, туку <u>ефективно</u>."

Дејвид Винкап

# 2. ВЕТУВАЊЕТО НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СЛУЧАИ НА ПОЛОВО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

## ДВА МОДЕЛИ

# Два модели на медијација за интервенции при полово вознемирување (Витенбург)

Модел на четирифазен процес

Модел на конференција за спогодување

# Два модели на медијација за интервенции при полово вознемирување (Витенбург)

Модел на четирифазен процес

**Намери/цели**

- Секоја страна го разбира гледиштето на другата
- Фрустрациите се искажуваат на позитивен начин
- Ставовите на страните се вреднуваат
- Страните наоѓаат сопствено решение

## Модел во четири фази

1

Воведни искази од двајцата, во кои му ја кажуваат својата страна од приказната директно на медијаторот.

Медијаторот прашува за интересите и грижите што ѝ се важни на секоја страна во процесот на медијација

## Модел во четири фази

2

Страните се соочуваат за да споделат како ја разбираат перспективата на другата страна

Во текот на првите 2 фази, медијаторот или страните можат да побараат одделна средба за да се надмине застој или да се добијат скриени информации

# Модел во четири фази

3 Да им се помогне на страните да ја разберат перспективата на другиот, иако можеби не се согласуваат со неа

# Модел во четири фази: решение

4

Медијаторот:

- им овозможува на страните да дадат свои предлози
- им помага на страните да останат фокусирани и проверува дали се нивните предлози реални
- овозможува бура на идеи

# Модел во четири фази

Кога да **<u>се користи</u>** овој модел:

- Проблемот е реверзибилен
- Човекот само сака однесувањето да престане
- Нема себични или злонамерни намери
- Однесувањето може да се коригира
- Вознемирувачот не го негира однесувањето

# Модел во четири фази

Кога да **не се користи** овој модел:

- Размена на услуги (Quid Pro Quo)
- Однесување е физички сериозно
- Однесување е злонамерно

Ако тоа е така, работодавачот мора да преземе итни мерки за прекинување однесувањето, без оглед на желбите на работникот што пријавил.

# Два модели на медијација за интервенции при полово вознемирување (Витенбург)

**Намери/цели**

- Постигнување договор што ќе им овозможи на страните да избегнат судење
- Медијаторот преговара со страните за спогодба

Модел на конференција за спогодување

# Модел на конференција за спогодување

Состанок пред медијација со сите страни, на кој медијаторот:

Чекор 1

- се претставува и го објаснува процесот на медијација
- бара писмени резимеа на спорот и евентуални други релевантни документи

# Модел на конференција за спогодување

Прва сесија за медијација

Чекор 2

- Секоја од страните дава устен исказ со своите ставови за спорот и го претставува својот случај

# Модел на конференција за спогодување

Чекор 3 — Медијаторот се состанува одделно со страните, за да собере доверливи докази и да ги презентира правните аргументи

Чекор 4 — Медијаторот изработува и им претставува на страните предлози за спогодба, а потоа врши шатл-дипломатија

# Модел на конференција за спогодување

Кога да се користи моделот на конференција за спогодување

- Однесувањето не е реверзибилно, но може да се ограничи
- Страните се поларизирани, така што не е можна дискусија лице в лице
- Страните сè уште можат да избегнат трошоци/стрес и јавно изложување
- Спогодбата меѓу страните може да се уреди во договор и да биде обврзувачка

# 3. ОГРАНИЧУВАЊАТА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

# Ограничувањата на медијацијата (1/3)

- Извинувањата не се универзален лек за сета штета предизвикана од половото вознемирување
- Со својата моќ или харизма, сторителот може да издејствува спогодба што можеби не е корисна за жртвата или за општеството во целина
- Ако се прекине предвреме, тоа би значело залудно потрошено време, ресурси и емоционална енергија
- Може да биде компомитирано начелото дека кажаното во медијација не може да се користи на суд
- Дали е вистина дека повеќето подносители на претставки сакаат само однесувањето да престане, а не да се „казни“ наводниот сторител?

# Ограничувањата на медијацијата (2/3)

- Најефективна ако вознемирувањето се должи на недоразбирање, разлики во стилот или културни очекувања (однесување од „ниско ниво“), а не на злоупотреба на моќта
- Медијацијата е помалку делотворна ако жртвата се замолчува и/или стравува дека претставката ќе биде дочекана со неверување или тривијализирање
- Дали има навистина реална доверливост?
- Бара исклучително вешт медијатор со стручност во темата
- Медијацијата бара добра волја - што не е секогаш можно

# Ограничувањата на медијацијата (3/3)

- Медијацијата бара од страните да преминат од ставови кон интереси и потреби
- „Доброволна“ природа на медијацијата: може ли да се убедат страните?
- Не се препорачува ако половото вознемирување резултирало со физичка повреда или напад
- Не е ефективно ако работодавачот одлучил дека вознемирувачот мора да биде отпуштен.

# 4. КРИТИКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

# Критика на медијацијата

Врз основа на следниот труд:

- Hippensteele, Susan “Mediation Ideology: Navigating Space from Myth to Reality in Sexual Harassment Dispute Resolution” American University Journal of Gender, Social Policy and the Law, 15, no.1 (2006): 43 – 68.

# Критика на медијацијата

Нејзината основна премиса е дека медијацијата е принудна форма на смирување, како и механизам за да станат јавните прашања приватна работа.

Таа разгледува 5 теми поврзани со решавањето спорови што се својствени за медијацијата, за кои верува дека „ја поттикнуваат учтивата фикција дека половото вознемирување е лична, приватна навреда на работничките, наместо подла дискриминација“.

# Критика на медијацијата

1

- Половото вознемирување е уникатно „чувствителен“ проблем, кој бара посветување внимание на емоционалните аспекти на ситуацијата
- Таа тврди дека, иако медијацијата наводно овозможува изразување на емоциите, всушност соработката и помирувањето како вредности на процесот го попречуваат справувањето со емоционалната содржина на половото вознемирување како искуство.

# Критика на медијацијата

2

- Жртвите на полово вознемирување сакаат/имаат потреба да ја зачуваат својата приватност и да го избегнат стресот од формални, судски постапки
- Ова го продолжува митот дека половото вознемирување кажува нешто лошо за жртвата.
- Жртвата нема шанси за рехабилитација, бидејќи лицето што ја кажува вистината е главно нерелевантно за исходот од медијацијата.

## Критика на медијацијата

3

- Жртвите на полово вознемирување сакаат/имаат потреба да се соочат со вознемирувачот лично
- Ова не е точно, бидејќи повеќето жртви не се во еднаква позиција за преговарање, особено ако постои разлика во моќта или имало принуда.
- Соочувањето со вознемирувачот може да ја изложи жртвата на понатамошна манипулација или злоупотреба.

# Критика на медијацијата

4

- Формалното одлучување по преставки ги става жртвите на полово вознемирување во неповолна положба
- Таа го тврди спротивното: ако се оди по формалниот пат, јасните правни начела можат да ѝ помогнат на жртвата да ја дефинира штетата што ја претрпела во контекст во кој искористувањето на правата е легитимно.

# Критика на медијацијата

5

- Половото вознемирување е инхерентно субјективен и нејасен феномен
- Половите кривични дела се единствената област во кривичното право, во која не судиме за делото според сторителот туку според жртвата.
- Тоа може да го минимизира субјективното влијание на делото врз жртвите, кои претежно се жени и за кои постои стереотип дека се емотивни, склони кон претерување и пресилни реакции, за разлика од мажите, кои според стереотипот се „рационални“.

# Критика на медијацијата

Неколку заклучоци од Хипенстил

- Медијацијата може да ја ублажи, наместо да ја исправи повредата од полово вознемирување
- Жените се социјализирани да бараат стратегии за решавање конфликти со одбегнување конфликти и градење односи
- Медијацијата може да се гледа како процес со кој всушност се заменува правдата за хармонија.

# БЛАГОДАРАМ!